Врз основа на членот 60 став 2 и 67 став 2 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр.29/05, 81/08, 20/09 и 57/10) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРИИТЕ И ОПРЕМАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови во однос на просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата, кои треба да ги исполнува правното или физичкото лице, за да добие јавно овластување од Фитосанитарната управа.

**Член 2**

(1) За потребите на јавно овластување за вршење на лабораториски анализи и испитувања на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, поради утврдување присуство на штетни организми лабораториите треба да поседуваат:

- имотен лист или договор за закуп за објектот (за периодот за кој се дава јавно овластување);
- санитарен јазол со ладна и топла вода;
- простор за прием на примероци, преглед, дијагностика и чување на истите и
- канцelariски простор за вработените и прием на странки, со инсталиран телефонски и интернет приклучок.

(2) Објектот, односно просторот треба да биде со соодветна големина, сув и со соодветна температура, обезбеден со природно и вештачко осветлување, и да е изграден од цврст градежен материјал, лесно да се чисти, мие и дезинфицира.

(3) Лабораториите кои што ќе бидат овластени за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата, треба да поседуваат телефон, персонален компјутер како и следната основна опрема:

1. За лабораторија за ентомологија: сушница, техничка вага, микроскоп, дисекционен бинокулар, фрижидер, прецизен апликатор за течности, лупа, ламба леддиодна и сл.
2. За лабораторија за нематологија: сита (850ц х 6, 250|i х 2, 150|i х 6, 3 х 15mm х 6), аналитичка вага, нематолошка када, остенбрикови инки, фрижидер за лабораторија, бинокуларен микроскоп, микроскоп, потрошен материјал и сл.
3. За лабораторија за вирусологија: елиза читач, мијач на микротитарски плочи, инкубатор, аналитичка вага, центрифуга, мешач за микротитарски плочи, техничка вага, обичен замрзнувач (до -20° С), фрижидер, 8-канален пипетор, микропипетори (50-200 ц1, 2-20 |Д 20-200 |i1), опрема за екстракција, потрошен материјал и сл.
4. За лабораторија за бактерилогија: автоклав, ламинар, микроскоп, термостат, аналитичка вага, бинокулар, еза, петриеви кутии, УВ ламба, потрошен материјал и сл.
5. За лабораторија за микологија: автоклав, ламинар, микроскоп, термостат, аналитичка вага, бинокулар, еза, петриеви кутии, УВ ламба, потрошен материјал и сл.
6. За лабораторија за молекуларна биологија: PCR, електрофореза (хоризонтална и вертикална), УВ трансилуминатор, аналитичка вага, замрзнувач (до -20° С), пипетори 0,5-10m1, микроскоп, бинокулар, микроцентрифуга, вортекс, спектрофотометар, потрошен материјал и сл.
7. За лабораторија за хербологлија: апарат за мерење влага во жита, клима комора, сушница, аналитичка вага, дијафаноскоп, фаринотоми, стереомикроскоп, бинокулар, сортир апарат за

семе, бројач за семе, фрижидер, збирка на семиња на плевели, хербарска збирка од плевели, збирка слики од плевели, хербицидна збирка, потрошен материјал и сл.

**Член 3**

За потребите на јавното овластување за следење и прогнозирање на појава на штетни организми, развој како и движењата на нивната популација и определување оптимални рокови за нивно сузбивање и давање препораки во согласност со тоа, давателите на јавни услуги треба да поседуваат: канцеларија со санитарен јазол, соодветна опрема за земање на мостри (сонда, кечер и сл.), соодветна опрема за откривање на штетни организми (лупа, микроскоп и сл.), опрема за пренос и чување на мостри ( фрижидер, рачен фрижидер и сл.), возило, компјутерска опрема, дигитален фотоапарат, GPS апарат и сл.

**Член 4**

За потребите на јавно овластување за обука, давање совети и препораки за штетните организми и нивното уништување, давателите на јавни услуги треба да поседуваат: соодветни простории за обука, со санитарен јазол и опрема за едукација (проектор со пренослив компјутер, потребен стручен материјал и др.).

**Член 5**

За потребите на јавно овластување за уништување на штетни организми со примена на дезинфекција, дезинсекција, дератизација, деконтаминација, како и со примена на останати постапки на третирање, давателите на јавни услуги треба да поседуваат: соодветна канцеларија со санитарен јазол, опрема соодветна на намената потребна за третирање, возило, ХТЗ опрема за заштита при работа, препарати за третирање согласно прописите од соодветната област, како и помошна опрема.

**Член 6**

За потребите на јавно овластување за уништување на заразен растителен материјал, давателите на јавни услуги треба да поседуваат: соодветна канцеларија, возило (лесно, товарно, работно и сл.), соодветен простор за складирање, депонија како и опрема за уништување на заразениот растителен материјал (печки и сл.).

**Член 7**

За потреби на јавно овластување за издавање на пасоши за растенија, давателите на јавни услуги треба да поседуваат: возило, пренослив компјутер, телефон, ХТЗ опрема, опрема за на терен (лупа, фотографски апарат, калемарски нож, теренска торбичка, сонда, кечер, по можност теренска лабораторија како и рачен фрижидер).

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 17- 448/4 | Министер за земјоделство, |
| 26 јануари 2011 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Љупчо Димовски** , с.р. |